Врз основа на член 24 став 1 алинеа 5 од ЗЕК, а во врска со членовите 76,78, 79, 80, 82, 84, 85, 87 и 88, од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/15 и 82/2016), во постапката за определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 02.05.2017 ја донесе следната

# ОДЛУКА

## I

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ОНЕ.ВИП ДОО Скопје, за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за големопродажен локален пристап обезбеден на фиксна локација на географското подрачје на Република Македонија.

## II

На ОНЕ.ВИП ДОО Скопје му се наметнуваат следните обврски:

- обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства,

Согласно членот 87 став 1, Агенцијата во согласност со Законот за електронски комуникации на операторот ОНЕ.ВИП ДОО Скопје кој поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар му ја продолжува обврската да ги исполни сите разумни барања за пристап и користење на специфични мрежни елементи и придружни средства.

Агенцијата, при воведувањето на обврските од ставот 1 на членот 87 од операторот со значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар – ОНЕ.ВИП ДОО Скопје, согласно ставот 3 од истиот член покрај другото ќе бара:

- на друг оператор да му даде пристап до специфични мрежни елементи и/или средства вклучително и пристап до мрежните елементи кои не се активни
- да преговара со добра волја со операторите што бараат пристап,
- да не го повлече дадениот пристап до средствата,
- на друг оператор да му обезбеди одредени услуги на големопродажна основа за препродажба,
- да одобри отворен пристап до технички интерфејси, протоколи или други значајни технологии што се неопходни за интероперабилноста на услугите или за виртуелните мрежни услуги,
- да обезбеди заедничко користење на иста локација (колокација) или други форми на заедничко користење на придружни средства,

- да обезбеди одредени услуги потребни за овозможување на интероперабилност на услугите од една крајна точка до друга крајна точка на корисниците, вклучително и средства за интелигентни мрежи,
- интерконекција на мрежите или на мрежните средства,
- да обезбеди пристап до оперативниот систем за поддршка или слични софтверски системи што се потребни за да гарантираат праведна конкуренција во обезбедувањето на услуги и
- да обезбеди пристап до придружни услуги како што се услуга за идентификација, локација и присуство.

Согласно член 87 став 4, на обврските од ставот (3) од истиот член, Агенцијата ќе ги додаде и услови за обезбедување на праведност, оправданост и навременост.

- обврска за транспарентност при интерконекција или пристап,
- обврска за недискриминација при интерконекција или пристап и
- контрола на цени.

III

ОНЕ.ВИП ДОО Скопје е должен обврските утврдени во точка II на оваа Одлука да ги исполни на начин и постапка утврдена во согласност со Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

IV

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

V

Одлуката е конечна.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата спроведе анализа на релевантниот пазар за големопродажен локален пристап обезбеден на фиксна локација на географското подрачје на Република Македонија. Анализата беше спроведена на начин и постапка утврдени со Законот за електронски комуникации и прописите донесени врз негова основа, а при тоа имајќи ги во предвид основните напатствија на Европската Комисија за спроведување на анализи на релевантни пазари и утврдување на оператори со значителна пазарна моќ на релевантните пазари на електронските комуникации.

Во согласност со членот 13 од Законот за електронските комуникации на ден 19.12.2016 год. Нацрт документот за анализа на релевантниот пазар за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен или поделен разврзан пристап) на фиксна локација беше објавен на јавна расправа со што им беше дадена можност на сите заинтересирани страни да достават свои мислења и забелешки. Финалниот документ од анализата беше објавен на веб страницата на Агенцијата за електронски комуникации на ден 11.04.2017 год.

Со анализата беше опфатен периодот од 01.10.2011 год до 31.12.2015 година. Основна цел на анализата е да се определи дали на релевантниот пазар има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

При процената дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени во предвид критериумите утврдени во членот 77 од Законот за електронски комуникации и притоа се утврди дека:

- операторот ОНЕ.ВИП ДОО Скопје поседува значително ниво на пазарен удел на конкретниот релевантен пазар и тоа 24,99% според бројот на активни претплатници на широкопојасен пристап до интернет на малопродажба,
- операторот ОНЕ.ВИП ДОО Скопје остварува предности и од аспект на високите економски бариери за влез на пазарот. Првично ограничување се појавува имајќи предвид дека операторот поседува мрежно покривање преку јавна HFC електронска комуникациска мрежна инфраструктура на добар дел од територијата на државата, а делумно и оптичка и LAN мрежна инфраструктура. Истовремено операторот поседува и мрежа на подземна канална инфраструктура преку која е во состојба лесно да врши модернизација на мрежата и имплементирање на мрежи од следните генерации како што се хибридните оптички и коаксијални мрежи и примена на повисоки DOCSIS стандарди. Оттаму земајќи ја во предвид инфраструктурата која не може лесно да се дуплира операторот остварува значителна конкурентска предност пред другите оператори. Понатаму високите неповратни трошоци претставуваат висока економска бариера за влез за новите учесници на пазарот и како такви се потврдени од страна на АЕК. Неможе да се донесе заклучок и да се очекува дека оваа бариера за влез на релевантниот пазар ќе исчезне или нејзиното влијание значително ќе се намали во периодот кој го опфаќа оваа анализа,
- Операторот ОНЕ.ВИП ДОО остварува и предности од аспект на користењето на економијата на обем и економиите на интеграција, на начин што може да врши диверзификација на своето портфолио и да комбинира три или повеќе услуги во еден пакет за да ги понуди до крајниот корисник, дополнително да оствари пониски трошоци во работењето. Операторот е и вертикално интегриран оператор,

- операторот ОНЕ.ВИП ДОО Скопје може да оствари предност и од аспект на потенцијалната конкуренција поради тоа што може значително да влијае на стартните основи за влез на нови оператори на пазарот од технички и од економски аспект.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, како и фактот дека постојат ограничувања за влез на пазарот и отсуството на ефективна конкуренција се доволен показател за постоење на доминација на пазарот. Според тоа беше донесен заклучок дека операторот ОНЕ.ВИП ДОО Скопје е оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за големопродажен локален пристап обезбеден на фиксна локација на географско подрачје на Република Македонија. Согласно дефиницијата на релевантниот пазар на операторот ОНЕ.ВИП ДОО Скопје како оператор со значителна пазарна моќ му се наметнуваат обврските да обезбеди услуги за:

- услуга за пристап до простор во каналите (ducts access) за инсталирање на кабли (бакар, коаксијален или оптички),
- услуга за пристап до неосветлено оптичко влакно (dark fibre).

Со оглед на ова, а во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на определениот оператор со значителна пазарна моќ му се наметнуваат обврски за кои се смета дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за големопродажен локален пристап обезбеден на фиксна локација. На операторот ОНЕ.ВИП ДОО за погоренаведените големопродажни услуги му се наметнува обврската за контрола на цени и тој ќе треба при обезбедувањето на големопродажните услуги да ги примени цените на ефикасен оператор кој на пазарот обезбедува исти големопродажни услуги.

Со оглед на ова а врз основа на член 24 од ЗЕК, а во врска со членовите 76, 77, 79, 80, 82, 84, 85, 87 и 88, од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/15 и 82/2016), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Марјан Пејовски

Раководител на Одделение за анализа на пазарите

Борис Арсов

Раководител на Сектор за телекомуникации

Бојана Стефановска

Советник на директорот за правни работи

Директор

Сашо Димитријоски

Наш бр. Уп1-бр. 1303-705

Скопје. 02.05.2017